СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ГОРАН ТРАЈКОВСКИ

за Кисела Вода



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ЗАСЛУЖУВАМЕ ДА ЖИВЕЕМЕ ВО ЧИСТА, ПРИСТОЈНА И ПЕРСПЕКТИВНА СРЕДИНА. ЗАСЛУЖУВАМЕ ЛОКАЛНА ВЛАСТ ШТО Е ВИСТИНСКИ СЕРВИС ЗА НАШИТЕ ПОТРЕБИ“

**Почитувани граѓани,**

Јас сум Горан Трајковски, за многумина познат како Штраус. Пред сè, јас сум посветен сопруг и татко на две деца. Како петта генерација што живее и дише во оваа општина, ја знам Кисела Вода – ги знам нејзините проблеми, но верувам и во нејзиниот огромен потенцијал. За жал, сведок сум како се менуваше во погрешен правец, губејќи го својот идентитет. Убеден сум дека без разлика на политичките околности, вие ќе ја препознаете мојата искреност и визија. Време е да избереме луѓе со став и интегритет, кои не калкулираат, туку сакаат да работат и да покажат резултати.

Ние, жителите на Кисела Вода, заслужуваме да живееме во чиста, пристојна и перспективна средина. Заслужуваме локална власт што е вистински сервис за нашите потреби, а не бирократски лавиринт.

Како економист и приватен бизнисмен со успешен семеен бизнис повеќе од 37 години, моето искуство е гаранција. За разлика од политичарите што ветуваат, јас сум човек од практика. Знам како да се состави буџет, да се менаџираат ресурси и да се бара одговорност. Наместо празни зборови, мојата кариера е доказ за посветеност и долгорочно планирање. Овие вештини се клучни за едно вистинско урбано лидерство. Моето мото не е „борба против некого", туку партнерство со граѓаните. Ќе водам целосно отворена општина и ќе бидам постојано на терен, затоа што локалната власт треба да биде лице в лице со граѓаните.

Моите три клучни приоритети се јасни:

Чиста и еколошки здрава Кисела Вода: Бескомпромисна борба против загадувањето и ѓубрето. Ќе инвестираме во нови контејнери и ќе ги зајакнеме инспекциските служби.

Крај на урбаниот хаос: Стопирање на непланското градење и враќање на довербата во урбанизмот преку јавна расправа за секој нов план.

Социјална правда и безбедност: Општина што се грижи за секого, со бесплатни услуги за најранливите, реновирани и безбедни градинки и училишта.

Нашата програма не е листа на желби, туку план за реални промени.

Не ветувам чуда, ветувам работа и бескомпромисна борба за интересите на граѓаните.

Заедно да отвориме ново поглавје за Кисела Вода!

**Горан Трајковски**

Кандидат за градоначалник на Општина Кисела Вода

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Кисела Вода

Општината е наш заеднички дом во кој сите ние заедно живееме. Проблемите и потребите на граѓаните се и наши проблеми и потреби. Сите ние заеднички ја градиме, ја развиваме и ја унапредуваме заедницата во која живееме. Ние сме дел од вас и затоа ја преземаме обврската да бидеме вашиот глас во советот, да ги застапуваме и да се бориме да бидат слушнати и уважени сите проблеми и потреби на нашите сограѓани. Заедно можеме да направиме многу! Со ваша поддршка, можеме да ја направиме општината подобро место за живеење за сите нас, а најмногу за нашите деца и идни поколенија. Не ветуваме чуда – ветуваме работа, чесност и транспарентност. Со вашата поддршка ќе го донесеме и ќе го кренеме гласот на граѓаните во Советот на Општината. Заеднички за подобра општина и за поголема вклученост на граѓаните во нејзината работа.

1. ДАНИЕЛА Н. ПИШТОЛОВА, 1977, адвокат;
2. РОЗА АНДОВА, 1954, социјален работник;
3. ВЛАДИМИР ГРУЈОВСКИ, 1986, м-р по економски науки;
4. ЗОРИЦА КОЦЕВА, 1961, дипломиран економист;
5. ЗОРАН ГЕОРГИЕВСКИ, 1964,
6. БОРО КАЕВСКИ, 1988, земјоделски инженер;
7. АНГЕЛ МИЈАЈЛЕСКИ, 1998, градежен инженер;
8. ЕМИЛИЈА ВЛАДИМИРОВА, 1969, политиколог
9. ДЕЈАН СТОЈЧЕВСКИ, 1976, шумарски инженер;
10. ЉУБИЦА ЦВЕТКОВИЌ, 1970, правник;
11. ДУШИЦА ФИДАНОВСКА, 1996, ССС;
12. МАРИО ЈЕФРЕМОВСКИ, 1999,
13. МАРИЈА КИПРОВСКА, 1988, ССС;
14. МАРТИН БОГОЈОСКИ, 1991, ССС – електротехничар;
15. ЃОРЃИ ТОПУЗОВСКИ, 1973, стоматолог;
16. МАРИЈА МЕРЖАНОВСКА, 2000, апсолвент на ПМФ;
17. КЛАРА МУКАЕТОВСКА, 1996, менаџер по бизнис-логистика;
18. ЗОРЕ НОВЕСКИ, 1956, психолог;
19. РУСКА ЈАНЕВСКА ХАЏИ-АНГЕЛЕСКА, 1953, правник;
20. АНДРЕЈ ГРКОВСКИ, 2004, апсолвент на Економски факултет;
21. ФИЛИП КОСТОВСКИ, 2002, ССС - ПТТ;
22. ЛИЛЈАНА АНТОВА, 1954, ССС - санитетски техничар и медицински лаборант;
23. БОЈАН ПАНОВСКИ, 1999, ССС;
24. СВЕТЛА СТОЈАНОВСКА КОРКУТ, 1971, м енаџер за човечки ресурси;
25. СНЕЖАНА МАРГИЌ, 1972, ССС – информатика;
26. ДИМИТАР БОЖИНОСКИ, 1996, ССС- економско;
27. ДАНИЕЛА НИКОЛОВСКА, 1972, ССС;

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сè поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Инфраструктурна революција: Реконструиравме над 20 улици, вклучувајќи ги „Марко Орешковиќ", „Востаничка" и „Есенинова". Повеќе од 2.700 метри атмосферска канализација се изгради во населбите Припор, Цветан Димов и Пинтија. Во с. Усје решивме долгогодишен проблем со фекална канализација и ја реконструиравме главната улица во должина од 2.500 метри. Населба Драчево доби асфалтирани улици и фекална канализација.
- Нови зелени површини и рекреација: Реконструиравме и осветливме трим-патеки, ја обновивме трим-патеката кон Три Круши и паркот „Шопен". Изградивме сосема нов парк во Драчево и парк за домашни миленици. Обновени се и повеќе детски игралишта низ општината.
- Инвестиции во образованието и културата: За првпат по многу години, Кисела Вода доби нова градинка во Драчево. Ги реконструиравме објектите „Весели цветови", „Мимоза" и „Синоличка". Изградивме нова училишна спортска сала во ООУ „Рајко Жинзифов" и термоенергетска фасада во ООУ „Кирил Пејчиновиќ". Се санираа и тоалетите во ООУ „Кузман Јосифовски – Питу". Обезбедивме физичко обезбедување за сите училишта, а во с. Драчево изградивме нов Дом на културата.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Кисела Вода

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Урбанистички хаос: „Стоп за урбаната мафија“ само на хартија

Додека ветуваа крај на урбаната мафија, тие дозволија најмногу одобренија за градби, без да донесат ниту еден детален урбанистички план (ДУП). Кисела Вода ја претворија во бетонска џунгла, без мисла за паркинг, зеленило или јавен простор. Проекти, како монтажни гаражи, нов простор за млади или „Чупино Брдо“ останаа само на хартија. Немаше решение за откуп на дворни места, што ги остави граѓаните во неизвесност.

- Заборавена инфраструктура и животната средина

Долгогодишните проблеми со дотраена водоводна и канализациска мрежа не беа решени. Многу улици останаа со дупки и без осветлување, додека ветуваа нови системи со ЛЕД-светилки. Општината беше претворена во депонија – јавните површини и парковите не се одржуваа и не се чистеа. Кисела Вода никогаш не била повалкана. Иако ветија „Еко Кисела Вода“, воздухот остана загаден, а мерните станици за воздух не функционираа. Немаше гасификација на училиштата, а трим-патеката околу општината остана само желба.





- Нереализирани проекти и недостапни услуги

Граѓаните останаа без многу очекувани услуги. Не изградија ниту едно ново училиште или поликлиника. Домот на културата во Драчево не е ставен во целосна функција за граѓаните. Не беа изградени ниту скејт- и адреналински паркови, ниту стационар за кучиња. „Smart City" и технолошкиот парк останаа само изборни пароли.

# МОЈАТА ВИЗИЈА



- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам затоа што, како жител на Кисела Вода, сведок сум како нашата општина тапкаше в место со години. Мојата цел не е само да ја водам, туку да ја разбудам и да ја направиме место каде што граѓаните ќе се чувствуваат горди. Мотивот ми е јасен – да создадеме модерна општина со повеќе можности, поголема безбедност и поквалитетни услови за живот за сите, особено за младите и семејствата.

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој? Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Визијата е клучна, бидејќи општина без визија е брод без насока. Нашата визија е јасна – сакаме Кисела Вода за 5, 10 и

20 години да биде центар на модерен урбан живот. Тоа значи комплетна инфраструктура, дигитализирани услуги и активна заедница. Секако, локалната визија е дел од поголемата слика. Со развој на секоја општина, се развива и целото општество.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Не е доволно да зборуваме само за улици и тротоари, иако тие се важни. Она што мора да го направиме е да воведеме нов начин на управување – транспарентно, ефикасно и блиску до граѓаните. Паралелно со инфраструктурата, ќе инвестираме во дигитализација на услугите, ќе даваме поддршка за локалните бизниси, ќе создаваме зелени проекти и ќе организираме повеќе културни содржини. Вистинска промена е кога граѓанинот ќе почувствува дека живее подобро, а не само кога ќе види асфалт.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите се вистинската иднина на Кисела Вода. Ако тие заминуваат, тогаш општината губи и иднина и перспектива. Затоа ќе инвестираме во нив – со нови спортски терени, креативни центри, младински иницијативи и поддршка за стартапи. Ќе создадеме општина каде што младите ќе имаат причина да останат, да создаваат и да се развиваат.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Безбедноста е основа за нормален живот. Затоа ќе воспоставиме системска соработка со полицијата и со граѓанските иницијативи, со цел да се зајакне присуството на патроли и да се спречи криминалот. Ќе работиме на подобро улично осветлување на сите темни улици и сокаци, што директно придонесува за чувството на сигурност. Безбедна општина значи и поголема доверба и слобода за секој граѓанин.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Апсолутно. Урбанистичкиот хаос е најголемиот проблем на Кисела Вода. Мора да се донесат реални и одржливи урбанистички планови со јавна расправа. Ќе ставиме крај на непланското градење и ќе воведеме ред, а со тоа и зелени површини, јавен превоз што функционира и инфраструктура за пешаци и велосипедисти.

- **Загадувањето е огромен проблем. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Не сме осудени да живееме во нечисти средини и загаден воздух! Ако имаме волја и план, можеме да го смениме тоа. Ќе воведеме систем за редовно чистење на секоја населба, ќе ги санкционираме дивите депонии и ќе поставиме нови контејнери. Ќе инвестираме во зелени појаси и ново зеленило. Со силни партнерства со надлежните институции ќе работиме и на намалување на индустриското загадување. Чист воздух и чиста околина мора да бидат наш апсолутен приоритет.

- **Довербата на граѓаните е на ниско ниво, а корупцијата е огромен проблем. Може ли да се поврати довербата?**

Да, може. Единствен начин е со максимална транспарентност. Секое трошење и одлука ќе бидат јавно достапни. Ќе воведеме систем на електронски услуги, но и редовни средби со граѓаните. Целта е да имаме целосно отворена општина, каде што нема да има место за манипулации. Кога граѓаните ќе видат дека општината работи за нив, довербата ќе се врати.

- **Иселувањето и падот на наталитетот се голем проблем. Како да ги задржиме луѓето?**

Иселувањето не е само статистика – тоа е празна куќа, заминато семејство и загубена иднина. Луѓето си одат затоа што тука не гледаат перспектива. Нашата цел е да им ја дадеме таа перспектива со конкретна програма: подобар живот, квалитетни социјални услуги за семејствата и најдобри можности за младите. Ќе ги поддржиме локалните бизниси за да создадеме нови работни места. Со работа и визија, ќе создадеме општина во која луѓето гледаат иднина и причина да останат и да создаваат семејства токму овде.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни?**

Граѓаните треба да гласаат за мене затоа што нудам вистинска промена. Како човек од народот, со практично искуство од приватниот бизнис, знам како се решаваат проблеми, а не само како се зборува за



нив. За разлика од другите, нема да бидам градоначалник од канцеларија. Ќе бидам постојано на терен, меѓу вас, достапен и транспарентен. Мојата цел е да ја прекинеме стагнацијата и да ја направиме Кисела Вода општина во која сите ќе сакаме да живееме. За мене ова не е само политика, туку мисија. Време е за многу работа.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

- **Социјална правда и инклузија: Грижа за секој граѓанин**

Ќе воведеме социјални политики што директно ќе им помагаат на оние на кои им е најпотребно. Ќе даваме субвенции за возачки испит за самохрани мајки, ќе воспоставиме Фонд за помош на семејства со социјален ризик и ќе обезбедиме бесплатен оброк во училиштата за учениците од прво до трето одделение што посетуваат целодневен престој. Ќе отвориме шелтер за жртви од семејно насилство и ќе субвенционираме логопетски и дефектолошки услуги. Ќе воведеме програма за помош и ресоцијализација на бездомници, како и домашна посета за стари и изнемоштени лица. Дополнително, ќе воведеме бесплатна партиципација за упис на дете во градинка. Ќе го зголемиме додатокот за новороденчиња.

Инклузија за сите: Наша цел е Општината да биде инклузивна за сите. Затоа, ќе ја подобриме пристапноста до училиштата и сите јавни објекти со рампи, лифтови и тактилни патеки. Ќе обезбедиме бесплатен асистент за лицата со попреченост во домашни услови и училишта, ќе отвориме дневни центри и ќе градиме инклузивни детски игралишта. Ќе се заложиме за нивно вработување во Општината и ќе воведеме инклузивни работилници, спортски клубови и настани.

Пензионери: Ќе се грижиме за нашите пензионери со зголемен додаток, субвенции за нега и редовни бесплатни превентивни прегледи. Ќе отвориме нови пензионерски клубови со рекреативни катчиња, а преку настани како „Корзо" – настан за пензионери каде што ќе се потсетиме на ноќниот живот од минатото, традициите, седенките, легендите и игранките, со концерт на македонски шлагери во изведба на македонски пејачи – ќе ги одржуваме живи културата и традицијата. Ќе воведеме и општинска служба за мали поправки во домаќинствата.

- **Модерна инфраструктура и урбанизам: Крај на урбаниот хаос**

Наш приоритет е да ставиме крај на урбаниот хаос. Ќе спроведеме ревизија на урбанистичките планови и ќе обезбедиме транспарентност во издавањето дозволи. Ќе го решиме проблемот со паркирањето со изградба на монтажни и подземни гаражи. Ќе направиме целосна реконструкција на улиците и водоводната мрежа, со акцент на населбите каде што со децении не е инвестирано. Ќе работиме на проширување на улиците и на изградба на нови мостови во соработка со Град Скопје. Наша цел е да имаме нова, функционална и модерна инфраструктура во секое маало.

- **Животна средина, јавна чистота и одржлив развој**

Ние не сме осудени да живееме во нечисти средини и загаден воздух. Ќе воведеме нов систем за одржување на хигиената, со секојдневно миење и чистење на улиците. Ќе набавиме нови

цистерни и метларки, ќе поставиме рециклирачки острови и нови контејнери. Ќе инвестираме во зелени покриви и мини шуми, ќе садиме ново зеленило и ќе поставиме сензори за аерозагадување. За да го поттикнеме екотранспортот, ќе градиме нови и ќе ја прошириме мрежата на велосипедски патеки.

- **Образование и млади: Нашата иднина**

Ќе создадеме општина каде што младите ќе сакаат да останат. Ќе воведеме бесплатни обуки за дигитални вештини и ИТ-алатки во училиштата. Ќе обезбедиме субвенции за возачки дозволи, еднократни надоместоци и стипендии за талентирани ученици, и зголемување на додатокот за прваче. Ќе изградиме ново училиште и градинка и ќе ги реновираме постојните со нови фасади и системи за греење. За безбедност на децата, ќе воведеме посебни сообраќајни решенија околу училиштата. Ќе ги вреднуваме наставниците со наградата „Наставник на годината".

- **Локален економски развој: Нови можности и вработувања**

Ќе го поттикнеме развојот преку партнерство со бизнис секторот. Наша цел е да отвориме 1000 нови работни места и 100+ мали бизниси во мандатот. Ќе основаме општински бизнис-инкубатор со бесплатни канцеларии и менторство. Ќе поддржиме компании што инвестираат во обновливи извори на енергија и зелени иновации, а ќе формираме и Центар за преквалификација.

- **Култура, спорт и рекреација: Жива и активна општина**

Ќе направиме целосна ревитализација на спортската инфраструктура во општината. Ќе ги реновираме постојните спортски сали и игралишта и ќе ги отвориме за сите граѓани. Ќе изградиме нови мултифункционални спортски терени, терени за рекреација и фитнес-катчиња во секое маало. Нашата цел е секој жител, од најмлад до највозрасен, да има достапни услови за спорт и активен живот. Ќе ја вратиме културата и спортот во општината со организирање фестивали за сите - улични, инклузивни и фестивали на традицијата. Ќе ја поддржиме алтернативната сцена и ќе организираме турнири и спортски настани за сите генерации.

- **Ефикасни услуги и комуникација со граѓаните**

Ќе воведеме целосна дигитализација на општината и електронски услуги, со што ќе ставиме крај на корупцијата и неефикасноста. Ќе обезбедиме лесна комуникација со општината преку мобилна апликација „Ало градоначалник" и СОС-број. Ќе бидеме постојано на терен, блиску до граѓаните, бидејќи само така можеме заедно да ја вратиме довербата и да ги решиме проблемите на Кисела Вода.

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ■ Младински културен центар во Стаклара

Изградбата на Младински центар во населбата Стаклара ќе биде наш приоритет како инвестиција во иднината на младите во Кисела Вода. Центарот ќе претставува современ простор за учење, спорт, култура и младински активизам. Со мултифункционални сали, училници за обуки, креативни работилници, библиотека и coworking простор, младите ќе добијат вистинска поддршка за нивниот развој и талент. Овој проект е директен одговор на потребата младите да имаат безбедно и инспиративно место за размена на идеи и создавање иницијативи што ќе ја движат општината напред. Со партнерство меѓу локалната самоуправа, младинските организации и приватниот сектор, ќе обезбедиме одржлив модел за работа на центарот и ќе ја претвориме Кисела Вода во пример за општина која вложува во својата иднина преку младите генерации.

**Влијание на проектот:**

Ќе изградиме современ младински центар што ќе создаде нови можности за образование, спорт и култура и ќе ја зајакне иднината на Кисела Вода.

**Целна група:**

Проектот е наменет за сите млади во Кисела Вода – ученици, студенти, претприемачи и активисти – со цел да им се овозможи модерен простор за развој.

**Рок на реализација** 2028





## Мултифункционален објект во населба Драчево

Изградба на модерен мултифункционален објект, кој ќе биде центар на заедницата и двигател на локалниот развој. Објектот ќе содржи: простории за месна заедница, пензионерски клуб, центар за обука и преквалификација, како и простор за невладини организации и културни активности. Овој објект ќе биде енергетски ефикасен, пристапен за сите и вистински сервис за граѓаните.

**Влијание на проектот:**

Нов центар за култура, едукација и вмрежување. Повеќе можности за сите генерации и зајакната заедница.

**Целна група:**

Жители на населба Драчево, млади, пензионери и невладини организации

**Рок на реализација** 2028

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## Подземна гаража УЗ Цветан Димов

Решавање на долгогодишниот проблем со паркирањето во населбата Цветан Димов со изградба на модерна подземна гаража. Гаражата ќе придонесе за ослободување на јавниот простор, намалување на метежот и подобрување на безбедноста. Ќе биде со капацитет од 200 паркинг-места и ќе биде достапна 24/7 за сите жители.

**Влијание на проектот:**

Крај на проблемот со паркирањето. Ослободување на улиците и повисока безбедност за жителите.

**Целна група:**

Жители на УЗ Цветан Димов

**Рок на реализација** 2029

## Центар за згрижување бездомни животни

Изградба на модерен центар за згрижување бездомни животни во индустриската зона во близина на населба Потстаница. Центарот ќе биде изграден според највисоки стандарди за хуман третман на животните и ќе има ветеринарна амбуланта. Ќе работиме во соработка со здруженија за заштита на животните за нивна едукација, кастрација и вдомување.

**Влијание на проектот:**

Хуман однос кон животните. Подобрена безбедност на улиците и грижа за сите живи суштества.

**Целна група:**

Животни, граѓани и здруженија за заштита на животни.

**Рок на реализација** 2027





## Спортски центар во с. Драчево

Изградба на долгоочекуваниот спортско-рекреативен центар во с. Драчево, кој ќе биде повеќе од обична спортска сала. Објектот ќе биде мултифункционален, со можност за одржување натпревари во повеќе спортови, но и простор за рекреација и младински активности. Ќе обезбедиме современи услови за децата и младите од целиот регион да се развиваат и да напредуваат.

**Влијание на проектот:**

Нов дом за спортот и рекреацијата. Повеќе можности за младите и активен живот за сите генерации.

**Целна група:**

Млади, ученици и жители на с. Драчево.

**Рок на реализација** 2028

# ПРОЕКТИ

## Дневни центри за лица со попреченост

Ќе отвориме дневни центри за лица со попреченост во секоја месна заедница. Ќе обезбедиме стручен кадар и соодветна поддршка, со цел да им помогнеме во социјалната интеграција и да ги олесниме секојдневните обврски на нивните семејства.

**Влијание на проектот:**

Целосна интеграција и поддршка за лицата со попреченост. Подобрен квалитет на животот за нив и за нивните семејства.

**Целна група:**

Лица со попреченост и нивните семејства

**Рок на реализација**

2027

## Мобилна апликација „Ало градоначалник“

Ќе воведеме мобилна апликација за брза и директна комуникација со општината. Граѓаните ќе можат да пријавуваат проблеми, да закажуваат состаноци со службите и да добијат одговор во рок од 48 часа.

**Влијание на проектот:**

Транспарентна и достапна локална власт. Поефикасно решавање на проблемите на граѓаните.

**Целна група:**

Сите граѓани на Кисела Вода

**Рок на реализација**

2026

## Бесплатни оброци и градинки

Воведуваме универзален бесплатен оброк за секој ученик од основно училиште што посетува целодневен престој. Дополнително, ќе обезбедиме бесплатна партиципација за упис на секое дете во градинка. Ова ќе ги намали трошоците за родителите и ќе обезбеди здрава исхрана и пристап до предучилишно образование за сите деца.

**Влијание на проектот:**

Обезбедуваме здрава исхрана и олеснување на семејните буџети. Инвестиција во иднината на нашите деца.

**Целна група:**

Ученици од основно образование, деца од предучилишна возраст и нивните семејства.

**Рок на реализација** 2026

## Бесплатни дневни екскурзии за учениците

Ќе организираме бесплатни едукативни екскурзии за сите ученици, со цел да ги запознаат природните и културни богатства на Македонија. Ќе ги посетиме локалните паркови, музеи и историски локалитети во нашата земја.

### Влијание на проектот:

Збогатено знаење и свесност за културното наследство. Позитивен развој и социјализација на учениците.

### Целна група:

Ученици од Општина Кисела Вода

### Рок на реализација

2026

## Поставување урбана опрема со соларна функција

Ќе поставиме паметни клупи, канти и осветлување со соларна енергија на јавните простори и паркови. Ова ќе ја направи општината посовремена и еколошки свесна, а граѓаните ќе можат бесплатно да ги полнат своите уреди.

### Влијание на проектот:

Модерна и еколошка општина. Достапна технологија и чиста енергија за сите.

### Целна група:

Сите граѓани на Општина Кисела Вода

### Рок на реализација

2028

## Младински хабови

Ќе отвориме мрежа на младински хабови во населбите, каде што младите ќе имаат простор за едукација, креативност и вмрежување. Ќе понудиме бесплатни обуки и менторство за развој на дигитални и претприемачки вештини.

### Влијание на проектот:

Поддршка на младите во развојот на кариера и вештини. Нов простор за дружење и раст.

### Целна група:

Млади од 18 до 29 години од Општина Кисела Вода

### Рок на реализација

2027-2028

# ПРОЕКТИ

## Катчиња за пензионери

Ќе изградиме нови и ќе ги обновиме постојните катчиња за пензионери во сите месни заедници. Ќе бидат опремени со реквизити за вежбање, клупи и зеленило, создавајќи простор за социјализација и активен живот.

**Влијание на проектот:**

Подобрена социјализација и квалитет на животот. Повеќе можности за рекреација и дружење.

**Целна група:**

Пензионери од Општина Кисела Вода

**Рок на реализација**

2027

## Ставање во функција на објектите на сите МЗ/УЗ

Ќе ги ставиме во целосна функција сите објекти на месните заедници. Тие ќе бидат отворени и достапни за граѓаните, како центри за дијалог со локалната власт и простор за организирање активности и настани.

**Влијание на проектот:**

Враќање на месните заедници во функција на граѓаните. Поголема партиципација на жителите во локалната политика.

**Целна група:**

Сите граѓани од УЗ/МЗ од Општина Кисела Вода

**Рок на реализација**

2026

## Инклузивни детски игралишта и фитнес-реквизити

Ќе изградиме инклузивни детски игралишта во секоја месна заедница, со реквизити приспособени за деца со попреченост. Дополнително, ќе поставиме фитнес-реквизити за сите возрасти, со што ќе го поттикнеме активниот живот.

**Влијание на проектот:**

Места за игра и спорт достапни за сите. Подобро здравје и инклузија на најмладите.

**Целна група:**

Деца и возрасни од Општина Кисела Вода

**Рок на реализација**

2026-2028

## Бесплатна екскурзија за пензионери

Ќе организираме бесплатни дневни екскурзии низ земјата за сите пензионери. Ова е начин да се оддаде почит кон нив, но и да им се овозможи социјализација, патување и квалитетно поминато време.

### Влијание на проектот:

Подобра социјализација и ментално здравје. Почит кон пензионерите и нивниот придонес кон општеството.

### Целна група:

Пензионери од Општина Кисела Вода

### Рок на реализација

2026

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Населба Цветан Димов

- Реконструкција на игралиште (познато како Американско)
- Реконструкција на кракот од ул. Димо Хаџи Димов бр. 72, наспроти Жито маркет.
- Обезбедување тротоари пред новите згради и решавање на проблемите со имотните листови на станарите.
- Изградба на подземна катна гаража со капацитет од 200 паркинг-места.
- Реконструкција на улиците „Марко Цепенков" и „Киро Крстевски"
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.

## Пржино

- Изградба на нови објекти на ул. „Милан Мијалковиќ" преку јавно-приватно партнерство, вклучувајќи и младински хаб.
- Обнова на малиот детски парк на ул. „Кавалска".
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Реставрација и осветлување на скалите што ги поврзуваат Пржино и Цветан Димов, а зелениот појас на ридот ќе го облагородиме.
- Донесување на нов детален урбанистички план (ДУП) за населбата

## Црниче

- Реконструкција на ул. „Банско" и обнова на детското катче во ОУ „Кузман Јосифовски Питу".
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Поставување лежечки полицајци на ул. „Рилски Конгрес" и голем број канти за отпадоци по улиците.
- Изградба на парк за миленици.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот
- Реконструкција на ул. „Банско", и обнова на детското катче во ОУ „Кузман Јосифовски Питу".

## 11 Октомври згради

- Решавање на проблемот со паркирањето со изградба на монтажни катни гаражи.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот.
- Субвенции за изолација и фасади на станбените згради.
- Подобрување на хигиената и одржувањето на јавните површини и сервисните улици, создавање нови зелени површини и замена на старите дрвја со нови садници.
- Реконструкција на детските и спортските игралишта, поставување нови детски катчиња, фитнес-реквизити и уредување на трим-патеката.
- Комплетна санација на улиците „Пушкинова" и „Михаил Чаков", како и на другите помали улички меѓу зградите.

Санирање и обележување на тротоарите за безбедност на пешаците.

Инсталација на современо улично осветлување.

Обезбедување пристапност за лица со инвалидитет во зградите и јавните објекти.

Доградба на Основното училиште „Невена Георгиевска - Дуња“ во висина, со што ќе се добијат 10 нови училници, нови тоалети и помошни простории, како и поставување централна вентилација во целото училиште.

## 11 Октомври Бараки

- Континуирано чистење и собирање отпад
- Реновирање на постојните спортски игралишта и поставување нова урбана опрема.
- Целосна реконструкција на сите улици.
- Замена на застарената водоводна мрежа.
- Приклучување на централно градско греење.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.

## Бирарија

- Целосна реконструкција на улицата „Томе Арсовски“.
- Одржување на хигиената и чистење на јавните површини.
- Нови паркинг-места.

## Расадник и Кисела Вода

- Нов детален урбанистички план (ДУП) преку транспарентна јавна расправа, со цел да се стави крај на непланското градење. Планот ќе предвидува изградба на нов централен парк, ново училиште, градинка и поликлиника.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Целосна реконструкција на улиците, тротоарите и осветлувањето.
- Реконструкција на кракот од ул. „Димо Хаџи Димов“ бр. 72, наспроти „Жито маркет“.
- Модернизација и одржување на парковите со нова урбана опрема, вклучително и поставување фитнес-зони за вежбање, достапни за сите.
- Организација на маалски културно-уметнички манифестации.
- Квалитетно и трајно решавање на проблемот со ул. „Мариовска“ (Теферич)
- Оплеменување на просторот кај црквата „Св. Ѓорѓи“
- Вложување максимални напори во соработка со Министерство за здравство и МВР за трајно решавање на проблемот со Центарот за зависници
- Зголемување на безбедноста на жителите што живеат во околината на Центарот за зависници во соработка со МВР.
- Континуирано следење на состојбата за безбедноста на децата во училиштето „Круме Кепески“ и детската градинка во соработка со МВР
- Изградба на терени за спортски активности во дворот на ОУ „Круме Кепески“
- Поставување лежечки полицајци на ул. „Георги Димитров“
- Поставување слободни WI-FI зони во сите паркови

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

- Културен и младински центар - простор за дружење, работилници, културни настани и едукација лоциран во Кино „Билјана Беличанец"
- Реконструкција на ул. „Борка Велевски"
- Обезбедување посебни катчиња за пензионери со можност за дружење, играње друштвени игри и сл.

**Пинтија**

- Целосна реконструкција на улиците, тротоарите и осветлувањето, со приоритет на ул. „Саса 2" и ул. „18" со сите нивни краци.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Во соработка со Град Скопје, ќе поставиме автобуска постојка со информативна табла за возен ред.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот.
- Промена на системот за греење во ООУ „Рајко Жинзифов" со инсталирање топлотни пумпи.
- Поставување фитнес-реквизити за сите возрасни категории.

**Населба Драчево**

- Изградба на нов мултифункционален Дом на културата.
- Обезбедување простор за рекреација и вежбање.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Отворање дневен центар за лица со попреченост и волонтерска служба „Не сте сами!" за помош на стари и изнемоштени лица.
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот.
- Средување на коритото на Маркова Река и нови велосипедски патеки.
- Ослободување на тротоарите од возила со поставување столпчиња.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.

**Село Драчево**

- Изградба на нова градинка на местото на Стара пожарна станица, кое во моментов е нефункционално и претворено во депонија.
- Уредување на  плоштадот „сретсело" за да ја вратиме традицијата на собири и дружење.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Целосно функционална месна заедница за граѓаните да не мора да одат до Општината и да поднесуваат документи
- Поддршка на КУД „Китка" и изградба на нова спортска сала.
- Рекреативна патека од сретсело до Пеленица.
- Уредување на нови паркови и модерни детски игралишта на повеќе локации (Порипа, Адцево, Речиште...).
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.

### Потстаница

- Подобрување на сообраќајот и безбедноста со нови пешачки премини и осветлување на клучни локации.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Нови, директни автобуски линии до центарот на Скопје во соработка со ЈСП и Град Скопје
- Реконструкција на игралиштата и поставување нова урбана опрема.
- Изградба на мал, маалски пазар за свежи производи.

### Усје

- Поставување на мерна станица за квалитет на воздухот.
- Асфалтирање на сите неасфалтирани улички.
- Санација и покривање на Усјански Канал во соработка со Град Скопје
- Поставување и обнова на уличното осветлување, целосна реконструкција и реновирање на постојното игралиште, со поставување трибина и изградба на ново спортско игралиште.
- Редовно чистење и одржување на Усјанскиот Канал, со цел да се спречат поплави и да се подобри хигиената.
- Одржување и чистење на јавните површини.

### Припор

- Асфалтирање на улиците и уредување на тротоарите.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Изградба на нов маалски парк и детско игралиште.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Редовен јавен превоз со зголемена фреквенција на автобуски линии и нови автобуски постојки во соработка со Град Скопје.
- Отворање на алтернативен пат на ул. „Неда Гешовска".
- Проширување на патот кај потпорниот ѕид во Бабин Дол.

### Градинар

- Одржување на комуналната хигиена.
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Изградба на парк за жителите на Градинар, заедно со ново детско игралиште.
- Донесување детален урбанистички план (ДУП).
- Поставување мерна станица за квалитет на воздухот.

### Стаклара

- Асфалтирање на улиците
- Решавање на проблемот со атмосферската и фекалната канализација.
- Одржување и чистење на јавните површини и грижа за постојните паркови.
- Решавање на проблемот со урбанистичкото уредување.
- Изградба на младински културен центар
- Поставување ново осветлување на критични локации за поголема безбедност.

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА